**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ**
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
Број 03 - 434509/1
Дата 06 -07- 2018

MKT_GENERAL_ALL
2018000591859

До:

Министерство за информатичко општество и администрација

**Предмет:** Коментари од Македонски Телеком по однос на Предлог - Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги објавен на веб страницата ЕНЕР

Почитувани,

Во врска со Предлог - Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги ( во понатамошниот текст: Предлог- Закон), објавен на веб страницата на Единствениот национален регистар на прописи - ЕНЕР, Македонски Телеком АД - Скопје ви благодари на укажаната можност за коментирање на овој закон и во овој допис Ви ги доставува своите коментари на истиот.

Сметаме дека Предлог законот иако усогласен со европската легислатива е напишан на непрецизен јазик, односно одредени формулации во истиот можат да се толкуваат на разни начини што според нас претставува пречка за негова правилна практична примена.

Од првично направената анализа на новиот предлог текст на Предлог - Закон, утврдивме дека во неговите преодни и завршни одредби не е обезбеден правен континуитет и соодветен преоден рок и усогласување за постојните иматели на електронски потпис согласно постојниот закон од 2001 и новиот закон, и особено не е прецизно утврден преодниот период и статусот на постојните овластени издавачи на доверливи услуги во Република Македонија.

Имено, во преодните и завршните одредби од новиот предлог закон, во членот 67 став 1 е утврдено дека "со денот на примената на овој закон престанува да важи Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис. Во член 2 од истиот член е утврдено дека "електронските потписи издадени согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис продолжуваат да важат се до истекот на нивната важност."

Од анализата на цитираниот член произлегува дека ако на пример важноста на еден конкретен електронски потпис престане после еден месец од влегувањето во сила на новиот закон, а по тој период нема и не може да има нов давател на доверливи услуги според новиот закон, а тоа значи дека конкретниот имател на електронски потпис (физичко или правно лице) ќе нема можност да обезбеди нов електронски потпис, односно ќе остане без можност за поседување на електронски потпис.

Исто така, во преодните и завршните одредби од новиот предлог закон не е даден преоден период во кој постојните даватели на ваков тип на услуги во Република Македонија ќе го усогласат своето работење. Тоа значи дека според постојниот текст на предлог законот, при негово влегување во сила и примена, ќе се јави правна празнина и Република Македонија ќе остане без овластен давател на доверливи услуги.

Со цел да се надмине оваа наведена недоследност во предлог текстот на законот предлагаме да се додаде нов став 3 во членот 67, кој ќе гласи:

"Со влегувањето во сила на овој закон постојните издавачи на сертификати впишани во постојниот Регистар на издавачи на сертификати во Република Македонија согласно законот за податоците во електронски облик и електронски потпис,како и правните субјекти кои ги обезбедувале услугите кои се предмет на овој закон должни се да го усогласат своето работење согласно со овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во однос на делот за дефиниции во предложениот закон е нејасен и нецелосен и дава можност за различно толкување на правните институти. Во оваа насока предлагаме допрецизирање на истите со це да се одстрани евентуалната правна празнина во однос на основните поими предмет на овој закон.

Во член 41 сметаме дека рокот во кој давателот на доверливи услуги треба да постапи по законската обврска за поништување на сертификатот е краток и предлагаме овој рок да изнесува минимум 48 часа, но да се додефинира дека тој рок почнува да тече од приемот на барањето или од дознавањето на настанувањето на околностите кои се основ на поништување на сертификатот.

Односно, во член 41, став 2 по зборовите "или од", да се додаде "дознавањето на".

Истото е во насока со цел да се овозможи давателот на услуги да обезбеди информација од соодветен орган за настанување на околности кои предизвикуваат поништување на сертификатот (известување за губење на деловна способност, стечај...).

Предлагаме во овој Предлог - Закон експлицитно да се определи дека како регистрирана даватели на услугите, ќе се обезбеди услугите кои се предмет на овој закон бидат признаени во други држави, како и да се овозможи корисниците на овие услуги, издадени од страна на овластени даватали на услуги да ги користаат наведените услуги и надвор од Република Македонија без ограничување.

Предлагаме опсегот на овој Предлог – Закон да се прошири и како доверлива услуга да се дефинира и услугата е-фактура.

**Со почит,**

**Македонски Телеком АД - Скопје**

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ**
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Кеј 13-ти Ноември 6
1000 Скопје